# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ
## за периодот Јануари – Септември 2020 година

Скопски Пазар АД Скопје за периодот Јануари – Септември 2020 година оствари позитивен финансиски резултат искажан во неревидиран и неконсолидиран Биланс на успех.

### Сметководствена политика и методи на вреднување

Градежните објекти кои се состојат од магацински и деловен простор, дадени под оперативен наем се класифицирани во недвижности за изнајмување по пат на пренос, согласно нивната пренамена. По првичното признавање како недвижности за изнајмување, овие средства се признаени по нивните објективни вредности, кои претставуваат пазарни вредности, утврдени од страна на надворешни проценители со соодветно искуство. Разликата помеѓу претходно евидентираната вредност и објективната вредност се третира во согласност со МСС 16 како ревалоризациона резерва во рамките на капиталот на Друштвото. Последователното мерење на градежните објекти (магацински и деловен простор) кои се издаваат под оперативен наем, кои се иницијално признаени по моделот на објективна вредност, се врши со повторна проценка на нивната објективна вредност на секој датум на билансирање. Добивката или загубата која произлегува од промената на објективната вредност се признава во добивката или загубата во периодот во кој настанала согласно МСС 40.

### Вкупни приходи

Остварени вкупни приходи во периодот Јануари – Септември 2020 година изнесуваат 203.596 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2019 година бележат намалување од 13%. Вкупните приходи се од тековното редовно работење на компанијата.

Скопски Пазар АД Скопје за периодот Јануари – Септември 2020 година остварил добивка од 64.018 илјади денари, што преставува зголемување од 95% во однос на истиот период од минатата година.

### Вкупни расходи

Вкупните расходи за периодот Јануари – Септември 2020 година изнесуваат 139.578 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2019 година бележат пад од 30%. Падот на вкупните расходи се должи на намалување на оперативните расходи за 28% и намалување на финансиските расходи за 51%.

### Дивиденда

На редовното Годишно собрание одржано на 29.05.2020 година не беше донесена одлука за исплата на дивиденда за 2019 година.

Согласно одлуките на Годишното собрание на акционери, остварената нето добивка за 2019 година на износ од 24.585 илјади денари се распредели за инвестиции.

**Инвестиции**

Во 2020 година е продолжено со имплементирање на проектот Реконструкција на Бит Пазар во континуитет како што е предвидено со планот за реконструкцијата на објектот.

Светската пандемија со Ковид-19 има силни економски последици врз глобалната економија, а следствено на тоа и врз македонската економија. Со оглед на тоа дека основната дејност на Скопски пазар АД Скопје е издавање и управување со сопствен недвижен имот, а објектите што се даваат под наем се користат од компании погодени од економската криза, се очекува намалување на приходите и потешкотии во наплатата на побарувањата во четвртиот квартал од оваа година. Компанијата презеде низа мерки кои би го одржувале нивото на ликвидност со цел непречено одвивање на оперативните активности на компанијата.